# ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОЛГОРОЧНАТА НЕВРАБОТЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ НА ВОЗРАСТ ОД 50 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


1958 INSTITUTE OF ECONOMIC SCIENCES
COGNOSCERE EST MUTARE

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

UNIVERSITY of INFORMATION TECHNOLOGY and MANAGEMENT
in Rzeszow, POLAND

eúsav
Ekonomický ústav SAV
Institute of Economic Research SAS

Visegrad Fund


## ПИЛОТ ИСТРАЖУВАЊЕ СО ФОКУС НА ПАЗАРОТ НА РАБОТНА СИЛА ВО СКОПЈЕ

## РЕЗИМЕ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

## ВОВЕД

Ова резиме за јавни политики претставува дел од на наодите во студијата изработена во рамки на проектот „Идентификување на причините за долгорочната невработеност кај постарите жени во Србија и Северна Македонија“, реализиран во периодот 2024–2026 година, со поддршка на Меѓународниот Вишеградски фонд. Во резимето се претставени клучните резултати од истражувањето спроведено во Северна Македонија, со посебен осврт на карактеристиките и предизвиците на пазарот на работна сила во Скопскиот регион.

Главната цел на проектот е преку примена на комплементарни истражувачки пристапи, да се обезбедат аргументирани и меѓусебно усогласени препораки за унапредување на постојните политики и мерки за поддршка насочени кон долгорочно невработените жени на возраст од 50 и повеќе. Долгорочно невработените жени на возраст од 50 и повеќе години како целна група на проектот, претставуваат еден од најструктурно ранливите сегменти на пазарот на труд во Северна Македонија, особено затоа што долгорочната невработеност ги ослабнува нивните можности на пазарот на труд.

# ДЕЛ ОД РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ ОД 50 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ



Графикон 1. Причини за невработеност



Графикон 3. Поддршка што би им помогнала на жените да се вратат на работа



Графикон 2. Проблеми и предизвици во процесот на барање работа



Графикон 4. Тип на поддршка/услуга од АВРСМ

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО:

- **Долгорочната невработеност кај жените 50+ во Северна Македонија, со посебен осврт на Скопје, има структурен, а не привремен карактер.**
- **Мотивацијата за работа останува висока и покрај продолжената исклученост од пазарот на труд.**
- **Возрасната дискриминација и перципираната неправичност во процесите на вработување ја поткопуваат самодовербата кај жените.**
- **Недостигот на вештини е резултат на ограничен пристап, а не на неподготвеност.**
- **Обврските за грижата за други лица и здравствените ограничувања го обликуваат нивното однесување на пазарот на труд.**
- **Институционалниот опфат е недоволен и слабо таргетиран кон оваа група на ранливи лица.**
- **Емоционалните и психолошките последици дополнително ја продлабочуваат исклученоста.**
- **Постојат изразени преференции за стабилно и флексибилно вработување.**
- **Самовработувањето се перципира како можност, но е ограничено од реални пречки.**
- **Недоволна достапност на услуги за вработување специјално дизајнирани за повозрасни жени.**
- **Проблемот е комплексен и бара интервенција на различни нивоа и инволвираност а повеќе чинители.**

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ЖЕНИТЕ НА ВОЗРАСТ ОД 50 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ

## 1. КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ И ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

- Воведување таргетиран пакет мерки за жени 50+ години со јасни цели и механизми за следење.
- Спроведување на кратки, практични обуки (дигитални, услужни вештини, јазици).
- Поедноставување на процедурите за формализација на типични активности (негувателство, домашни услуги, ракотворби).
- Зајакнување на услугите за грижа за да се намали товарот на неплатена работа.
- Поттикнување на вработување преку субвенции и даночни олеснувања за работодавачи.
- Воведување мерки против дискриминација и промоција на возрасна инклузија.

## 2. АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

- Воведување таргетиран пакет мерки за жени 50+ години со јасни цели и механизми за следење.
- Спроведување на кратки, практични обуки (дигитални, услужни вештини, јазици).
- Поедноставување на процедурите за формализација на типични активности (негувателство, домашни услуги, ракотворби).
- Зајакнување на услугите за грижа за да се намали товарот на неплатена работа.
- Поттикнување на вработување преку субвенции и даночни олеснувања за работодавачи.
- Воведување мерки против дискриминација и промоција на возрасна инклузија.

## 3. ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

- Делување како доверливи посредници за вклучување на неактивни и ранливи жени, особено во рурални средини.
- Спроведување интегрирани програми во заедницата (вештини, психолошка поддршка, информации за мерки).
- Поддршка за признавање на неформални вештини преку микро-квалификации и сертификати.

## 4. РАБОТОДАВАЧИ

- Примена на возрасно-инклузивни практики и селекција базирана на вештини.
- Поактивно користење на субвенции и програми за обука во соработка со АВРСМ.
- Воведување флексибилни форми на работа за подобро усогласување со обврските за грижа.
- Поттикнување менторство меѓу генерации за размена на знаење и дигитална адаптација.

## 5. ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 50 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ

- Унапредување на дигитални и јазични вештини за подобар пристап до работа.
- Поактивно користење на услуги за поддршка (обуки, индивидуални планови).
- Вреднување на неформалните вештини како пазарна предност.
- Зајакнување на самодовербата преку групи за поддршка и вмрежување.
- Разгледување флексибилни форми и постепен влез на пазарот на труд.

**Повеќе за резултатите од истражувањето:**

**https://ien.bg.ac.rs/projekti.php?pID=8583&lng=eng**

**Контакт:**

**проф. д-р Александра Лозаноска, координатор на проектот за Северна Македонија**

**E-mail: sandra@ek-inst.ukim.edu.mk**

**Благодарност:**

**Ова резиме за јавните политики е резултат на проектот „Идентификување на причините за долготрајната невработеност кај постарите жени во Србија и Северна Македонија“. Проектот е кофинансиран од владите на Чешка, Унгарија, Полска и Словачка, преку грант на Меѓународниот Вишеградски фонд. Мисијата на Фондот е да ги поддржува и унапредува иницијативите за одржлива регионална соработка во Централна Европа.**